**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-2282/11
Скопје, 26 март 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**<u>С К О П Ј Е</u>**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Дваесет и деветтата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 26 март 2020 година**

**„ТОЧКА 1: Записник од Единаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 26 март 2020 година**

Владата го разгледа Записникот од Единаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 26 март 2020 година и истиот го усвои со заклучок во точката број 1, задолжувањето под реден број 8 од Записникот, да изостане.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, го усвои следниот заклучок:

1. Во врска со Заклучокот по точка 1., под реден број 3 од Извадокот од Нацрт – записникот од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 25 март 2020 година, во делот на исклучувањето на земјоделците од сите донесени одлуки, заклучоци, мерки и препораки на Владата, се допрецизира дека истиот се однесува на земјоделците што одгледуваат раноградинарски култури и имаат неодложни активности за одгледување на истите во овој период.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

Дополнително, оние земјоделци, фармери, сточари и други земјоделски работници кои преку подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе се пријават за добивање на дозволи за движење, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Министерството за информатичко општество и администрација истите да ги издаде.

За ова, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство соодветно да го информира земјоделскиот сектор. "

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**

- **сите државни институции**
- **Заедницата на единиците на локалната самоуправа**
- **Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија**
- **Стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: Ирма Мандева
Проверил: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk